# Бриф за Родова еднаквост и Родово одговорно буџетирање

## За вработените во општинската администрација и членовите на Советот

Родовата еднаквост претставува и една од темелните вредности на Европската Унија, воспоставена уште со Договорот од Рим (1957) со кој што се воведува принципот на еднаква плата за еднаква работа за да понатаму се третираат и бројни прашања во насока на намалување на јазот меѓу жените и мажите во сите сфери на општественото живеење. Северна Македонија како земја – аспирант за членство во ЕУ, силно се залага за остварување на оваа цел и како дел од ЕУ реформската агенда, и како дел од агендата за јавни политики. Сепак, и во земјите од ЕУ и земјите аспиранти јазот меѓу жените и мажите се уште постои и затоа неопходни се поангажирани напори за да се постигнат поставените краткорочни и долгорочни цели. Во таа насока, овој документ ја третира родовата еднаквост на локално ниво, тргнувајќи од фактот дека граѓаните се најнепосредно изложени на институциите на локалната самоуправа, кои преку процесот на креирање на политики во голема мера го обликуваат секојдневниот живот на граѓаните. Меѓутоа, поради недоволната претставеност на жените во институциите и во процесот на креирање на политики на локално ниво, често пати се случува донесените одлуки да не ги вклучуваат потребите на жените и останатите помалку претставени групи.

Родовата перспектива мора да се земе во предвид при изработката на политиките, регулативите, методите и инструментите кои влијаат на секојдневното живеење на локалното население- на пример, со техниките “родова интеграција” и “родово одговорно буџетирање“ Родовата интеграција во политиките и буџетите ги влече своите корени од 1995 година кога на Четвртата светска конференција на Обединетите нации за жените одржана во Пекинг, е разработена е стратегија за третирање на родовата рамноправност како општествено прашање. На тој начин за првпат со интеграцијата на родовиот аспект во јавниот живот родовата рамноправност станува дел од јавната политика и родовите прашања влегуваат во политичкиот дискурс. Родова интеграција (gender mainstreaming) подразбира (ре)организација, унапредување, развој и евалуација на политичките процеси, со цел перспективата за родова рамноправност да се вклучи во сите политики, на сите нивоа и во сите фази, од страна на чинителите кои вообичаено се вклучени во креирањето на политиките.

## Дали знаевте дека...

*Во 1946 г. за прв пат жените во Северна Македонија добија право на глас како резултат на долгогодишната борба за еднаквост.*

*Терминот „родова еднаквост“ во државата се користи од 1995 година, одделение за родова еднаквост постои од 1997 година, а Стратегија за родова еднаквост постои од 2013 година.*

## Што е родова еднаквост, а што родова рамноправност?

**Родовата еднаквост** е концепт кој значи дека и мажите и жените, се слободни да ги развијат своите лични способности и да прават избор без ограничувања поставени од стереотипи, ригидни родови улоги или предрасуди. Родовата еднаквост значи дека различните однесувања, аспирации и потреби на жените и мажите се земени предвид, ценети и фаворизирани подеднакво, но тоа не значи дека жените и мажите треба да станат исти, туку нивните права, одговорности и можности нема да зависат од тоа дали се родени мажи или жени. Родовата еднаквост претставува процес на правичност и праведност во распределбата на ресурсите, можностите и придобивките за жените/девојчињата во однос на мажите/момчињата и обратно. Еднаквоста произлегува од препознавањето дека поради историски и структурни причини, одредени групи се соочуваат со неповолности и затоа мора да бидат преземени контекстуализирани мерки кои ќе осигураат дека нивната неповолна позиција не е вечна.

**Родова рамноправност** оди над фокусот за еднаков третман и се заснова на важноста од резултати. Родовата рамноправност се постигнува со различен третман на групите со цел да се стави крај на нерамноправноста и би значело дека жените и мажите уживаат ист статус.

На пример, поставување на квоти за помалку застапениот пол во Советот на општината и Собранието.

Родовата рамноправност значи дека жените и мажите имаат (еднакви) услови за остварување во целост на нивните човекови права и потенцијал да придонесат кон националниот, политичкиот, економскиот, општествениот и културниот развој, и да имаат придобивки од развојот.

## Што е родова интеграција и што претставува родовата перспектива?

**Родова интеграција** е процесот на правење проценка за влијанието на било која планирана активност (вклучувајќи легислатива, политики или програми) врз жените и мажите во сите области и на сите нивоа. Крајната цел е постигнување на родова рамноправност.

**Родова перспектива**- Вклучување на родовата перспектива во главните текови, политики и практики, имплицира (ре)организација, подобрување, развој и оценка на генералните политики, стратегии и програми на сите нивоа и во сите фази од страна на актерите вклучени во креирањето на политиките. Тоа значи заложба да се подигне на ниво на политика обврската на државата за надминување на традиционалната патријархална матрица на уредување на односите меѓу мажите и жените како реална пречка за остварување на de facto еднаквост и рамноправност.

## Што е родово одговорно буџетирање?

Широко призната дефиниција за **„родово одговорно буџетирање“** е: „Интегрирање на јасна родова перспектива во целокупниот контекст на буџетскиот процес преку употреба на специјални процеси и аналитички алатки, со цел да се промовираат родово одговорни политики“ (ОЕЦД, 2016). Друга дефиниција на Стоцки, (2016) гласи „родово одговорното буџетирање не е посебен пристап кон буџетирањето ниту пак додаток во буџетирањето туку родовото буџетирање е пристап што го подобрува буџетирањето, кога фискалните политики и административните процедури се структурирани да се однесуваат на родовата нееднаквост и развојните потреби на жените. Кога е правилно направено, може да се каже дека родовото буџетирање е добро буџетирање". Родово буџетирање е процес на планирање, програмирање и буџетирање на јавните пари, кое вклучува идентификување и рефлектирање на потребните интервенции за да се адресираат родовите јазови и да се утврди различното влијание на политиките врз жените и мажите.

## Родова еднаквост на локално ниво

Европската повелба за еднаквост меѓу мажите и жените на локално ниво ја препознава важната улога на општината во воспоставување на родовата еднаквост на неколку ниво со вклучување и подеднакво учество на жените од различни групи во носењето одлуки и креирањето на политиките и буџетите. Притоа повелбата утврдува дека општината има значајна улога во превенција и справување со предрасудите, но и со праксата која ги утврдува преовладувачките стереотипи кои се основани на родови разлики или карактеристики кои ги определуваме како машки или женски. Општината може да ги разбие овие практики, стереотипи преку реорганизација на начинот како се развиваат политиките, мерките, активностите кои ги спроведува општината, со цел истите да одговараат и ги пресретнат различните потреби на мажите и жените од различни маргинализирани групи.

Имајќи ја предвид дека Европската повелба еднаквост меѓу мажите и жените на локално ниво дефинира дека родовата перспектива треба да се интегрира во следните области:

(i) јавни набавки;
(ii) образование и доживотно учење;
(iii) здравство;
(iv) сцијална заштита и услуги;
(v) грижа за деца;
(vi) грижа за постари;
(vii) домување;
(viii) култура, спорт и рекреација;
(ix) безбедност и сигурност;
(x) родово базирано насилство;
(xi) одржлив развој;
(xii) урбано и локално планирање;
(xiii) транспорт и мобилност;
(xiv) локален развој;
(xv) животна средина.

Ова всушност покажува дека сите сектори на локалната самоуправа се релевантни за родовата еднаквост. Па така и сите мерки доколку се родово неутрални можат да имаат различно влијание на мажите и жените и да придонесат до поголема или помала родова еднаквост на локално ниво.

За да може да се направи родова интеграција во политиките и буџетите потребно е општината да има политичка волја за унапредување на родовата еднаквост. Без политичка поддршка, без заложба на Градоначалникот/чката и Советот на општината кон постигнување на родова еднаквост нема да може да се усвојат програми и буџет кои се родово сензитивни.

Политичката волја може да ја изразиме на различен начин. Најпрво со тоа што општината ќе ги превземе обврските за постигнување на родова еднаквост од меѓународните правни документи како на пример Европската повелба за родова еднаквост во локалниот живот. ЗЕЛС е промотор на Европската повелба во Северна Македонија, и доколку вашата општина се уште ја нема потпишано обратете се во Заедницата на единиците на локалните самоуправи за да ве упатат како да пристапите кон повелбата.

Некои општини ја имаат изразено својата политичка волја за унапредување на родовата еднаквост преку усвојување на Стратегија за родова еднаквост. Политичката волја се изразува и преку интеграција на родовата перспектива во програмите кои ги усвојува општината и буџетот. На пример доколку декларирате јасна определба дека програмата која ја креирате, имплементирате има воведено родов аспект изразуваат политичка волја за унапредување на родовата еднаквост.

### Цели за одржлив развој на Обединетите Нации






## Правна рамка за родова еднаквост и родово одговорно буџетирање

### Стратегија за родова еднаквост 2022-2027

Во тековната Стратегија за родова еднаквост 2022-2027 наведени се следниве стратешки цели чија одговорност за имплементирање ја носат токму и единиците на локалната самоуправа односно општините.

- Општа цел 1. Воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво;
- Специфична цел 1.1: Унапредување на родовата машинерија на централно и локално ниво, во согласност со ЗЕМЖМ;
- Специфична цел 1.2: Овозможување на функционален систем за вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките, програмите и буџетските процеси на централно и локално ниво;
- Специфична цел 1.3: Воспоставување на ефикасен систем за следење на состојбата со родовата еднаквост, во согласност со меѓународните обврски и препораки;
- Специфична цел 1.4: Имплементација на родова перспектива во работата и креирањето мерки и програми во време на вонредни услови и кризни состојби на централно и локално ниво.

### Закон за буџети

Со Законот за буџети се уредуваат постапката за изработување, донесување, извршување на Буџетот на Република Северна Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје (општините) и известување за извршувањето на истите. Законот ги регулира и фискалните правила, воспоставувањето и надлежностите на Фискалниот совет, среднорочното буџетско планирање, управувањето со средствата на државата и на општините и следењето на финансиските резултати на јавните претпријатија и трговските друштва основани од државата и општините и од нив основаните трговски друштва, како и фискалната одговорност и основите на интегриран информациски систем за управување со јавните финансии.



Во Член 2 од законот се наведени следниве дефиниции кои подеднакво важат и за општините:

- „Родово одговорно буџетирање“ е процена на буџетите од родова гледна точка, вклучувајќи ја родовата перспектива на сите нивоа од буџетските процеси, планирање и преструктуирање на приходите и расходите со цел остварување на родовата еднаквост;
- „Родово одговорна буџетска изјава“ е документ за вклучување на родовата еднаквост во областа која ја покрива избраната програма која е предмет на анализа;
- „Родови индикатори“ се алатки за следење на родовите разлики, промените поврзани со родот карактеризирани согласно со различни временски периоди и мерењето на напредокот за остварување на родово одговорните цели.

Во Член 3 се наведени буџетските цели и принципи меѓу кои и принципот 11 - „Принцип на родова еднаквост подразбира родово одговорно буџетирање, односно зачувување на родовата еднаквост во планирањето и извршувањето на буџетските приливи и одливи.“

## Закон за еднакви можности на жените и мажите

Единиците на локалната самоуправа се дел од субјектите задолжени за усвојување и спроведување на мерките предвидени со Законот за еднакви можности на жените и мажите.
Во членот 4 на овој Закон се дефинира и влучувањето на родовите перспективи во главните текови, а тоа значи интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики, како на национално така и на локално ниво– притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.
Општините имаат обврска да преземаат посебни привремени мерки кои се преземаат со цел да се надмине постоечката неповолна општествена положба на жените и мажите, а која е резултат на систематска дискриминација или структурна родова нееднаквост произлезена од историски и социо-културни околности.

## Зошто е важно родово одговорното буџетирање и зајакнувањето на родовата еднаквост на локално ниво?

Буџетот треба да биде транспарентен и партиципативен, со широка вклученост на сите засегнати страни и особено на групите што обично се маргинализирани. На локално ниво буџетот задолжително се консултира со граѓаните и вклучува нивно директно учество во консултации или во усвојувањето на буџетот. Сепак, традиционално, жените се понеактивни во вакв ите процеси на локално ниво. Локалната администрација треба да вложи дополнителен напор за поддршка на жените и на маргинализираните групи во смисла на нивен придонес со коментари за приоритетните цели на буџетот и во ревизијата на расходите потоа. Единиците на локалната самоуправа како одговорни тела за планирање на општинскиот буџет и креирање буџетските програми во општините воедно ја носат и одговорноста за примена на партиципативно и родово одговорно буџетирање. Партиципативно и родово одговорно буџетирање на локално ниво претставува вклучување на локалните граѓани (жени, мажи, маргинализирани и ранливи категории на граѓани) во процесот на подготовка на општинскиот буџет и неговите приоритети, заедно со општинската администрација.
Со вклучување на родовата перспектива во креирањето на политиките и буџетот:

- Општините ќе придонесат во демократизацијата на општеството како и подобрување на состојбата со родовата еднаквост на локално ниво;
- Ќе се создаде простор за носење на одлуки каде ќе бидат вклучени сите засегнати страни, со што ќе се осврне внимание врз потребите на жените и мажите и ќе се слушне гласот на најранливите групи;
- Ќе се поттикне вложувањето во човечкиот развој, земајќи ги предвид постојаните нееднаквости меѓу жените и мажите;
- Преку активна соработка со граѓанските организации се исполнува обврската да се чуе граѓанскиот глас;
- Општините на овој начин ќе овозможат исполнување на критериумите од областа на социјална вклученост потребни за полноправно членство на Република Северна Македонија во Европската Унија.

Овој „Бриф за родова еднаквост и родово одговорно буџетирње“ е изработен во рамки на проектот “Низ женски леќи: покревање на политики и буџетски иницијативи, следење на спроведувањето на локалните акциски планови за родова еднаквост”. Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Центарот за истражување и креирање политики и не мора да ги одразува ставовите на Европската Унија.

Funded by the European Union